

***Слободан ТОМИЌ***

Најголем пријател на вистината е времето, најголем непријател се предрасудите, а постојан придружник е смирението. Така и овој кошмар со врховистите и конвертитите кои секојдневно атакуваат врз меморијата и историјата за исконската вистина за Македонија и Македонците, треба смирено да го перцепираме и без посебен стрес да го сториме тоа што со години не го чиниме!

Македонија повеќе не смее и натаму да им дава мегдан на секакви отпадници и немакедонци кои го понижуваат Македонскиот народ, ги газат честа и угледот на државата и нацијата! Тоа е казниво и според Кривичниот законик! Честа и угледот не се порачуваат и не се купуваат на слобдониот пазар. Нашата катарза транзитира низ зоната на една класична драмолетка со егзибиционистички и антимакедонски кампањи.

Никому не може да му ги суспендирате етничкото потекло, верското уверување и политичката припадност, но неприфатливо е, казниво е, да го понижувате Македонскиот народ кој е носител на државноста во државата Македонија. Во Кривичниот законик тоа се кривични дела против културното наследство, кривични дела против честа и угледот на Македонскиот народ и кривични дела против човечноста и меѓународното право! Македонците во Македонија станаа жртва на геноцид и злосторство против човештвото од марионетската врховистичка власт!

Од една страна ја торпедирате нацијата и државата во која живеете, а од друга страна цицате од буџетот на народот чија чест и углед ги газите! Ни се накотија секакви

умноболни изроди и одроди, кои не само што се платени колаборационисти, затоа што одработуваат за други и туѓи метрополи за нивни интереси на овие македонски простори, туку здравствено, пензиско и инвалидско осигурување им плаќа државата Македонија! Па, тоа го нема ниту во Алиса од земјата на чудата!

Македонскиот идентитет не е октроиран од Југославија, или од Комунистичката партија на Југославија, или од Коминтерната, или од Москва... Јазикот не се создава со декрет! Јазикот на еден народ е генетска мемориска картичка чипирана од прапочетокот, од мајката, од таткото, од дедото, од бабата, од прадедото, од прабабата... од прамајката и прататкото во потсвеста на битието!Â

Екскурзијата на Денко Малевски по бугарските медиуми, како гласник на квази-интелектуалната елита за промените кои “македонската дип-стејт“ посакува да ни се случат според Договорот за непријателство и велепредавство Заев-Борисов од 1 август 2017 година, само ги покажа роговите на тие од рововите, кои отсекогаш биле против Македонија и Македонците, и по род и по државјанство!Â

Впрочем, не сме заборавиле, дека во предвечериeто на поранешна СФР Југославија, во зората на суверена и самостојна држава Македонија, Киро Глигоров со Стојан Андов ја жртвуваа Владата на Никола Кљусев, откако пукна тиквата меѓу Блаже Ристовски и Денко Малевски, за амбициите на тогашниот министер за надворешни работи “Јас сум Југословен, Јас сум за Југославија, самостојна Македонија може само без мене!“ Логичен беше патернализмот на Киро Глигоров кон Денко Малевски, затоа што наместо за суверена и самостојна држава Македонија, Киро Глигоров со Алија Изетбегович бараа спас за Југославија со платформата за асиметрична федерација 2+2+2! За среќа, речиси 80% од вкупниот број запишани избирачи на референдумот одржан на 8 септември 1991 година гласаа “ЗА СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА“ без додавки и без придавки! Одлуката на референдумот по Устав е задолжителна за сите!

Тоа што Владо Малевски ја напишал македонската национална химна “Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата“ е дело и аферим на Владо Малевски. Тоа што син му од Југословен конвертира во бугарин е предавство на Денко Малевски. И, секому според делата и заслугите!

Денко Малески со реториката дека Гоце Делчев и Крсте Петков Мисирков се бугари ќе

остане само бледа сенка на буграскиот вицепремиер и министер за одбрана Красимир Каракачанов и ништо повеќе од тоа. Цицерон вели “Не е грев, секој може да згреши, ама идиот е оној кој грешката ја повторува и на неа опстојува!“ И вакви идиоти, за жал, оваа земја родила! Македонската историја е полна со предавства. Се разбира, предавник не може да ти биде непријателот, тој ти е веќе деклариран противник! Предавник може да ти биде само братот, роднината и пријателот!

Красимир Кракачанов верува дека калибрите од типот на денко Малески се добар темелник еден ден Бугарите од двете страни на границата да бидат заедно! И кој е успехот на шарлатанот Зоран Заев во оваа маскарада врз Македонија? Склучи “историски договор“ со јужниот сосед Грција која ни го негира името на државата и историјата, идентитетот и контунуитетот нам Македонците, склучи “историски договор“ со источниот сосед Бугарија која ни го негира името на народот, јазикот, културата и историјата! Иако и Софија и Атина доволно знаат дека се креација на интересите на западните сили за свои сфери на влијание на Балканот!

Кога сме до Македонскиот јазик, пак, кој самите Грци го признаа уште 1977 на меѓународна конференција на Обединетите Нации одржана токму во Атина, да потсетиме дека Македонскиот јазик јасно и гласно се признава и потврдува И во книгата “Introductio in Chaldaicam linguam, Syriacam, atque Armenicam and decem alias lingua“, издадена 1539 година, од авторот Тезеј Амброџио Албонесе. Македонскиот јазик е наведен како првенец во групата! Ова се научни факти, ова не е манипулација, ќе рече мојот драг пријател Роберт Милески во еден негов facebook сатус, му благодарам за овој потврден факт со аргументи.

Да биде иронијата поголема, после умноболната изјава на Денко Малески за Гоце Делчев и Крсте Петков Мисирков и воопшто дека Македонците се Бугари, како јаготка на шлагот доаѓа вандализмот на паланечкиот градоначалник да го избруса семакедонското шеснаесет-зрачно златно-жолто сонце на црвена основа од плоштадот пред општинската зграда, додворувајќи се на својот генерален секретар во партијата.Â

Едно потсетување на моите добри пријатели и соговорници, Лоренс Игелбергер и Робин О’Нил, и двајцата силни и непресушни имиња во американската и британската политика, кои ќе изјават “Ве молиме, не го менувајте името на Македонија и вашиот идентитет! Грција нема да остане само на тоа. Амбициите на Атина се да Ве нема, како никогаш и да не сте постоеле! Брзо брзо и Бугарија ќе и’ се придружи, до кенечно бришење на Македонија и Македонците од светскиот Атлас на народите и државите! Тоа ќе го сторат марионетите, нивната петта колона меѓу Вас, до конечно исчезнување на

вистината и историјата за Македонците и за Македонија!“

Народот бара: Името Денко Малевски засекогаш да биде запишано во регистарот на велепредавниците на нацијата и државата! Македонија преживеала многу премрежија и обиди за нејзино уништување. Но, едно ни преостанува, како поука, да му порачаме на врховистот и конвертитот Денко Малески и нему сличните одроди и изроди: Уништувањето на Македонија и Македонците никогаш нема да се случи, бидејќи сите тие одроди и изроди кои и да се и од каде и да се, самите ќе скокнат во гробот кој за другите го копаат!Â

И за крај, навистина: Чуму ни е Европската Унија без Македонија и Македонци?!